Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06,86/08, 51/11,28/14 и 153/15) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 68-та седница одржана на ден __.09.2025 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација од**
**Амбасада на Народна Република Кина во**
**Република Северна Македонија за изградба на детско игралиште на КП**
**бр.2766 во КО Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од дарителот на донација Амбасада на Народна Република Кина во Република Северна Македонија за изградба на детско игралиште кое ќе биде лоцирано КП бр.2766 во КО Велес.

Донацијата се состои од:

Изградба на детско игралиште во близина на Автобуската станица во Велес на ул.„Петре Прличко“ бб на КП бр.2766 во КО Велес, согласно Предмер пресметка која е во прилог кон оваа Одлука.

Донацијата е со вкупна вредност од 700.000,00 денари со вклучен ДДВ согласно Про-фактура бр.01-0004/25 од 18.07.2025 година.

**Член 2**

За донацијата ќе биде склучен посебен Договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и Амбасада на Народна Република Кина во Република Северна Македонија како дарител на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Од страна на Амбасадата на Народна Република Кина во Република Северна Македонија доставено е Барање за прифаќање на донација до Општина Велес со бр.25-3589/2 од 04.09.2025 година.

Донацијата се состои од:

Изградба на детско игралиште во близина на Автобуската станица во Велес на ул.„Петре Прличко“ бб на КП бр.2766 во КО Велес, согласно Предмер пресметка која е во прилог кон оваа Одлука.

Со оваа донација, ќе се подобри животот на граѓаните на Општина Велес, особено на најмладите.

Донацијата е со вкупна вредност од 700.000,00 денари со вклучен ДДВ согласно Про-фактура бр.01-0004/25 од 18.07.2025 година

Доколку од страна на Советот биде донесена оваа Одлука, од страна на Градоначалникот како примател на донацијата и Амбасада на Народна Република Кина во Република Северна Македонија како давател на донацијата ќе биде склучен договор согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: | 04-09-2025 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 25- | 3589/2 | 1 | |

中 华 人 民 共 和 国 大 使 馆

No. YW- 46 (2025) CN

The Embassy of the People's Republic of China in the Republic of North Macedonia presents its compliments to the Municipality of Veles in the Republic of North Macedonia and, with reference to the Note No. 08-3589/1 dated 11 July 2025, has the honor to inform the latter as following :

The Embassy confirms that we will support the project of children's playground in Veles with facilities as required and we ask the Council of Municipality of Veles to accept this donation. Once again, the Embassy would like to reaffirm the commitment to enhance the friendship and the collaboration with the Municipality of Veles, and to expand the cooperation in all fields between the two countries.

The Embassy of the People's Republic of China in the Republic of North Macedonia avails itself of this opportunity to renew to the Municipality of Veles in the Republic of North Macedonia the assurances of its highest consideration.

Skopje,19 August 2025

To : Municipality of Veles in the Republic of North Macedonia

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 04-09-2025
Орг. един: | Број | Прилог | Вредност:
25-3589/2 1

Бр. YW-46 (2025) CN

Амбасадата на Народна Република Кина во Република Северна Македонија ги изразува своите комплименти на Општина Велес, Република Северна Македонија и во врска со Дописот бр. 08-3589/1 од 11.07.2025 година, ја има честа да ве информира за следново:

Амбасадата потврдува дека ќе го поддржи проектот за детско игралиште во Велес со предвидените содржини и бара од Советот на Општина Велес да ја прифати донацијата. Амбасадата уште еднаш ја потврдува посветеноста да го продлабочи пријателството и соработката со Општина Велес и да ја прошири соработката меѓу двете земји на сите полиња.

Амбасадата на Народна Република Кина во Република Северна Македонија ја користи оваа можност да ги обнови изразите на своето највисоко почитување кон Општина Велес во Република Северна Македонија.

Скопје, 19.08.2025

До: Општина Велес, Република Северна Македонија

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
бр. 08-3589/1
11.07.2025 година
Велес

До :
Амбасада на Народна Република
Кина во Република Северна
Македонија
Ул “Христо Чернопеев“ бр 20
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ** : Барање за донација за изградба на детско игралиште во Општина Велес

Почитувана Екселенцијо, Амбасадор на Народна Република Кина,

Со ова писмо, Општина Велес изразува срдечна благодарност до Амбасадата на Народна Република Кина за досегашната поддршка и пријателство што ги покажавте кон нашата земја и локални заедници.

Како локална самоуправа, посветени сме на постојано подобрување на квалитетот на живот на нашите граѓани, особено на најмладите. Во таа насока, би сакале да ве информираме за нашиот проект за создавање на нов, модерен спортско-рекреативен центар во Велес, лоциран веднаш до Автобуската станица. Веќе имаме изградено кошаркарско игралиште и игралиште за фудбал на оваа локација, кои се активно користени од нашите сограѓани.

За да ја комплетираме оваа спортско-рекреативна целина и да обезбедиме простор за игра и забава за најмалите, нашата визија е да изградиме и современо детско игралиште. Ваквото игралиште ќе биде од огромно значење за децата од Велес, нудејќи им соодветно место за развој, дружење и физичка активност.

Имајќи ја предвид вашата посветеност кон општествено одговорни проекти и поддршката на развојот во пријателските земји, би сакале искрено да побараме донација за изградба на детско игралиште на споменатата локација. Вашата поддршка би ни помогнала да ја реализираме оваа важна иницијатива, која директно ќе влијае на благосостојбата на нашите најмлади сограѓани.

Општина Велес е подготвена да обезбеди целосна логистичка поддршка и да соработува со вас во секоја фаза од проектот, со цел негова успешна и навремена реализација.

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

---

Однапред ви благодариме за вашето внимание и разгледување на нашето барање. Ве очекуваме со позитивен одговор и можност за понатамошна соработка.

Со почит,

Изработил : Милена Ристеска
Одобрил: Александра Иванова

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Марко Колев

НАПОМЕНА : ДЕТСКОТО КАТЧЕ Е СО ПОВРШИНА ОД ПО 60М2 И СЕ СОСТОИ ОД БЕТОНСКА ПЛОЧА, ЕЛАСТИЧНА ПОДЛОГА, ОГРАДА И 3 РЕКВИЗИТИ

| ред.број | ОПИС НА РАБОТА | единечна мера | количина | Единечна цена во ( ден) | Вкупно (ден) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| I | ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ | | | | |
| 1 | Ископ на растресито зрмјиште со одвоз до депонија во дебелина од 25 см | $m^3$ | 15 | | |
| 2 | Набавка, транспорт,насипување и набивање на тампонски материјал во слој од 15 см до потребната збиеност | $m^3$ | 9 | | |
| | Вкупно: I - ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ | | | | 0.00 |
| II | БЕТОНСКИ И АРМИРАНО БЕТОНСКИ РАБОТИ | | | | |
| 1 | Набавка транспорт на материјал, и изработка на АБ подна плоча во слој од 15 сантиметри со вкалкулиран пропратен потребен материјал како оплата, арматура за детско игралиште (100*0.15) комплет со арматурна мрежа Q 188 Ф6 15/15 во средна зона | $m^3$ | 9 | | |
| | Вкупно: II - БЕТОНСКИ И АРМИРАНО БЕТОНСКИ РАБОТИ | | | | 0.00 |
| III | БРАВАРСКИ РАБОТИ | | | | |
| 1 | Набавка и монтажа на ограда изработена од челични профили во висина од 1.1м. Оградата да биде изработена од вертикални челични профили 40/30 анкерисани за бетонска подлога на растојание од 2м. Вертикални профили 40/20 во долна и горна зона. Исполната да биде направена од хоризонтални профили 30/10 на растојание од цца 12см. Оградта да биде минимизирана и офарбана во боја по желба на инвеститорот | $m^2$ | 32 | | 0.00 |
| | Вкупно: IIi - БRAВРСКИ РАБОТИ | | | | 0.00 |
| IV | ПОДОПОЛАГАЧКИ РАБОТИ | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Набавка и трнспорт на материјали и изработка на еластична спортска подлога со дебелина од 13мм. Спортската подлога треба да биде изработена со чист EPDM во боја ( FULL EPDM system) на следниов начин :<br>1.Чистење на подлогата (асфалт) и припрема за нанесување на полиуретански прајмер<br>2.На претходно спремна подлога се нанесува специјален полиуретански прајмер за асфалт кој овозможува врзување на подлогата (асфалтот) со еластичната подлога.<br>3.Вградување на EPDM гумен гранулат во боја со гранулација од 1-3мм помешан со полиуретанско везиво (binder) со специјална машина ( финишер) со вградено автоматско нивелирање на подлогата во дебелина од 13мм.<br>4. Исцртување на линии за ракомет,кошарка и одбојка<br>5. Подлогата треба да ги исполнува следниве стандарди за кои треба да се достави и доказ (документ) EN 14877, DIN V 18035-6, EN 14904 , EN 13501, FIBA Certificate | $m^2$ | 60 | | |
| | | | | | 0.00 |
| V | УРБАНА ОПРЕМА | | | | |
| | ЗАБЕЛЕШКА: Во цената за урбана опрема реквизити за детско катче да биде пресметано и прицврстување со подлога со комплетна монтажа | | | | |
| | | | | | |
| **1** | Минимален простор: 670x600x320 см<br>Простор за заштита од удар: 29,5 $м^2$<br>Димензии: 320x300 см<br>Вкупна висина: 320 см<br>Висина на слободен пад: 125 см<br>Фундаменти: 11 парчиња<br>Производот е во согласност со EN 1176<br>Возраст: 3-14 години<br>Број на корисници: 5<br> | *комад* | 1 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2** | Минимален простор: 300x700x317 см<br>Простор за заштита од удар: 21 м²<br>Димензии: 290x158 см<br>Вкупна висина: 250 см<br>Висина на слободен пад: 130 см<br>Фундаменти: 4 парчиња<br>Производот е во согласност со EN 1176<br>Возраст: 1,5-14 години<br>Број на корисници: 2<br> | *комад* | 1 | | |
| **3** | Минимален простор: 492x380x236 см<br>Простор за заштита од удар: 16,76 м²<br>Димензии: 192x80 см<br>Вкупна висина: 81 см<br>Висина на слободен пад: <60 см<br>Фундаменти: 2 парчиња<br>Производот е во согласност со EN 1176<br>Возраст: 3-14 години<br>Број на корисници: 2<br> | *комад* | 1 | | |
| | | | | Вкупно: V - УРБАНА ОПРЕМА | 0.00 |

| | | |
|---|---|---|
| | РЕКАПИТУЛАР | |
| I | ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ | 0.00 |
| II | БЕТОНСКИ И АРМИРАНО БЕТОНСКИ РАБОТИ | 0.00 |
| III | БРАВАРСКИ РАБОТИ | 0.00 |
| IV | ПОДОПОЛАГАЧКИ РАБОТИ | 0.00 |
| V | УРБАНА ОПРЕМА | 0.00 |
| | ВКУПНО: | 0.00 |

ИНТЕКО Иван дооел Скопје
ул.Митрополит Теодосиј Гологанов 72 1000 Скопје, РМ
тел. +389 2 3220 421 моб. 071 215 668
e-mail: igor@inteko.mk
Ж.с-ка 240080115214879 Уни Банка
Ж.с-ка 250-000000117966 Шпаркасе Банка АД
Ж.с-ка 210-048412390159 НЛБ Банка АД Скопје
ЕДБ МК4030994145097

АМБАСАДА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА
КИНА Скопје
ЛЕРМОНТОВА 2 ЦЕНТАР СКОПЈЕ -
ЦЕНТАР
1000 Скопје Северна Македонија

# ПРО-ФАКТУРА Бр. 01-0004/25

Датум на про-фактура: 18.07.2025

| Р.бр. | Опис | Кол | Ед.цена | Рабат | ДДВ | Износ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Елементи за Детско игралиште во Општина Велес | 1 | 593220 | | 18 | 593.220,00 |

Коментар

| | |
|---|---|
| Основица | 593.220,00 |
| ДДВ | 106.779,60 |
| Рабат | 0 |
| **Вкупно** | **700.000,00 МКД** |

Плаќање на про-фактурата во рок од 7 дена.

Фактурирал    Примил    М.П.    Управител

ИНТЕКО Иван ДООЕЛ СКОПЈЕ